07.03.2025

02-79/1

**ДО**
**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**
**НА ЖИТО ПОЛОГ АД ТЕТОВО**

**<u>За СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ</u>**

Врз основа на член 390 став 5 од Законот за трговски друштва , акционерот Ненад Јосифовиќ кој поседува повеќе од 5% од вкупниот број на акции со право на глас издадени од Жито Полог АД Тетово, во законски определениот рок на ден 06.03.2025 година го поднесува следното

**Б А Р А Њ Е**
**За вклучување предлог одлука по точка од дневен ред**

За седницата на Собранието на акционери на Жито Полог АД Тетово , закажана за ден 07.04.2025 по точката **„ 2. Донесување на одлука за избор на членови на Одборот на директори на Жито Полог АД Тетово со Мислење од Одборот на директори „**

од работниот дел на дневниот ред објавен во јавниот повик за свикување на Собрание на акционери на Жито Полог АД Тетово , објавен на ден 05.03.2025 г во дневниот весник Нова Македонија , **ја предлагам следната предлог-одлука:**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на одредбите од Статутот на Жито Полог АД Тетово-Пречистен текст , како и членовите 344 став 1, 363 став 1 и 6, 367 став 2 и 3 од Законот за трговски друштва , Собранието на акционери на Жито Полог АД Тетово, на ден 07.04.2025 година ја донесе

**О Д Л У К А**

**за избор на членови на Одбор на директори**
**на Жито Полог АД – Тетово**

I. За членови на Одборот на директори на Жито Полог АД – Тетово СЕ ИЗБИРААТ:

1. Катерина Дамјановска со место на живеење на ул.Карл Либкнехт бр.4/3-15 во Скопје –Гази Баба , ВСС, државјанин на Република Северна Македонија

2. Стојна Мацарева со место на живеење на ул.Булевар Партизански Одреди бр.155/1-17 во Скопје - Карпош , ВСС, државјанин на Република Северна Македонија,

3. Сашо Босилков со место на живеење на ул. Леринска бр.57Д/1-7 во Скопје- Карпош, средна стручна подготовка, државјанин на РМ.

II. Од членовите на Одборот на директори наведени во точка 1 од оваа Одлука , за независен член на Одборот на директори се назначува:

- Стојна Маџарева со место на живеење на ул.Булевар Партизански Одреди бр.155/1-17 во Скопје - Карпош

III. Членовите на Одборот на директори од оваа Одлука се избираат со мандат од четири години сметано од денот на изборот, односно сметано од 07.04.2025 година.

IV. Неизвршните членови на Одборот на директори, вклучувајќи ги и независните членови , имаат право на :

- месечен паушал во нето износ од 20.000,00 денари;
- право и на надомест на сите други трошоци, како и други права што се поврзани со вршењето на нивната функција(користење на работни простории, потребни средства за работа, право на користење на возило и друго) за што одлука донесува Одборот на директори

V. Средствата што се исплатуваат на членовите на Одборот на директори , се трошоци на работењето на Друштвото.

VI. Пријавата за упис во трговскиот регистар на избраните членови на Одборот на директори на Жито Полог АД – Тетово ја поднесува Генералниот Извршен директор на Жито Полог АД – Тетово.

VII. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

VIII. По еден примерок од одлуката да се достави до:

- трговскиот регистар;
- членовите на Одборот на директори;
- правен сектор;
- архива

**ПОДНОСИТЕЛ НА БАРАЊЕ**
**Ненад Јосифовиќ**

_______________________